РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1444/4
16-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41 - та седница, одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1444/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1444/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1444/1 од 18.03.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ---------- по избор на функцијата член на ----------.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ---------- во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на изборот на функцијата член на ----------, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија за спречување на корупцијата достави барање за податоци и информации за посоченото лице до Општина ---------- со бр.08-1444/2 од 21.07.2026 година.
Општина ---------- достави одговор со бр.03-1270/2 од 07.08.2026 година, со што известува дека лицето ---------- е починат на 22.05.2026 година, за што достави и копија од извод на умрени со тековен број 2420 за 2026 година во Скопје.
Поради ова, постапката за посоченото лице се запира.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: М.С., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: S.D. -член/anëtar